# Записник од одржаната јавна консултација со засегнатите страни во врска со активностите поврзани со опремување на кабинетите по Природни науки

На 26.11.2021 година се одржа онлајн консултативна средба со засегнатите страни во процесот на опремување на кабинетите по Природни науки со мебел и нагледни средства во основните училишта, со цел известување во однос на имплементацијата на активностите. На средбата присуствуваа 315 учесници (директори на основни училишта, наставници и претставници од општините), како и претставници од Министерството за образование и наука и Проектот за унапредување на основното образование (ПЕИП).

Оваа средба беше надоврзување на претходно испратените прашалници до училиштата, за дефинирање на потребата од мебел и можноста за распределба на истиот во кабинети по природни науки и согласно добиените одговори од основните училишта како и расположливиот буџет, училиштата добија соодветен мебел за кабинетите по природни науки. Училиштата беа известени преку општините за количините на мебел кое секое од нив ќе ја добие, како и начинот на кој ќе се одвива испораката. Дополнително, на општините им беа испратени и списоци со опрема и нагледни средства кои ќе бидат испорачани на училиштата во следниот период, за што општините требаше соодветно да ги известат сите училишта.

Средбата ја водеа претставници од проектната единица од Проектот за унапредување на основното образование, кои накратко дадоа осврт на проектот и неговите компоненти, за кој веќе беше одржана јавна онлајн расправа во октомври 2020 година. Дополнително, учесниците беа запознати со механизмот за предлози и поплаки како и можноста да го користат истиот. Механизмот е поставен на веб-страницата на Министерството за образование и наука, во делот на Проекти https://mon.gov.mk/category/?id=2072 и може да се користи согласно насоките во Планот за вклучување на засегнатите страни, кој исто така е поставен на веб-страницата на МОН.

На средбата се дискутираше и за насоките за пополнување на Прашалникот за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти (ПУОЖССА), кој училиштата имаа обврска да го доставаат заклучно со 26.11.2021 година.
До крајот на денот, повеќето од училиштата го поднесоа прашалникот пополнет.

Скопје, 01.12.2021